Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО
Бр. 05-220/23
27.09 2021 год
Скопје

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

датум: **27.09.2021**

**До,**
**ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје**
**Внимание на: г. Филип Андрески**
адреса: бул. „Климент Охридски" бр. 30-1, Скопје
**Копија до,**
**Министерство за здравство**
**Внимание на: г. Митко Танески и г. Љупчо Мијајлески**
адреса: ул. „50та Дивизија" бр. 14 1000, Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / E pranuar | 27-09-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlëra |
| 23 | 3316/20 | | |

**Договор :** **Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен Дом Скопје – Амбуланта Ѓорче Петров ;**

**Предмет :** **Неусогласеност помегу основниот проект фаза архитектура и елаборатот за заштита од пожар ;**

Почитувани,

При разгледување на "**ОСНОВЕН ПРОЕКТ за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје – амбуланта Ѓорче Петров"** и Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи за **"Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје-амбуланта Ѓорче Петров"** на локација КП 4471/1 КО Ѓорче Петров 3-Дексион, општ. Ѓ.Петров, Скопје воочено е **неусогласување** помеѓу основниот проект ФАЗА Архитектура и Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи.

Имено во "Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи", точка 5.2 (Степен на пожарна отпорност на објектот) стр. 22/28:

*Пожарната отпорност на составните делови од конструкцијата на објектот е:*
- *ѕидни и кровни панели (PUR) д=6см >1 ч*
- *преградни ѕидови >2 ч*
- *ПП врата >1 ч*
- *Армирано бетонска основа д=10см >3 ч*
- *Меѓукатна конструкција -префабрикувани елем. >1ч*

Предвидено е и секторирање на пожарот, точка 6.2 (Секторирање на просторот) стр. 22/28:

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

*"Секој ПП сектор е издовоен со ѕидови отпорни на пожар 2ч и врати отпорни на пожар повеќе од 1ч. Делот за пациенти и за вработени во шесте павилјони се одвоени со ѕидови отпорни на пожар повеќе од 2ч, и ПП врати 1ч отпорни"*

Пожарната отпорност на деловите од конструкцијата е дадена во графичките прилози лист бр.2 и лист бр.3 од горенаведениот елаборат.

Во "ОСНОВЕН ПРОЕКТ за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје – амбуланта Ѓорче Петров" фаза Архитектура, предвидено е:

- **За кров**: префабрикувани еколошки кровни (PUR) панели (полиуретан) d=3.0cm, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час**, потребно е да се заменат со панели исполнети со камена волна или слично.
- **За плафон:** префабрикувани еколошки кровни (PUR) панели (полиуретан) d=6.0cm, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час**, потребно е да се заменат со панели исполнети со камена волна, огноотпорен гипс или слично.
- **За внатрешни и фасадни зидови:** префабрикувани еколошки кровни (PUR) панели (полиуретан) d=6.0cm, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час и 2 часа**, потребно е да се заменат со панели исполнети со камена (минерална) волна или внатрешни ѕидови од огноотпорен гипс.
- **За внатрешни подови:** предвидено е исполна од екструдиран полистирен (EPS плочи), истиот е ви, **треба да се замени со тврдо пресована камена волна која не е горива.**

Завршната облога на подот **треба да биде слабо горлива, да не предизвикува смог и да не испушта токсични гасови при пожар, најниска класа према EN 13501 $B_{fl}$-s1, пожелна е класа $A_{fl}$.**

За иверката и осб плочите (слојот помеѓу завршниот под и исполната од екструдиран полистирен) треба да се **користат материјали кои се огноотпорни т.е со најниска на реакција на пожар, класа B или подобро, према EN 13501.**

- **За вратите:** Во проектот предвидени се врати од PVC профили, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час**, потребно е да се заменат со метални огноотпорни врати од најмалку 60 минути (EI2 60). Ова посебно важи за вратите кои се користат за секторирање на пожарот.

ЕОС Е.Е. ДОО Скопје

**Технички Директор**
Зоран Андонов

**Надзорен орган**
Бојан Голабоски, д.г.и.

Dasa-Rägister
EN ISO 9001:2008
IQ-0607-13

BS OHSAS 18001:2007
UNI EN ISO 14001:2004

**EOS E.E.**
SKOPJE | Mitropolit Teodosij Gologanov br. 59-2/1
P. + 389 2 3079517 ; + 389 2 3094788
Mail : info@eoseasteurope.com
www.eoseasteurope.com